УДК: 323.15(497.1:=163.3)"1944"(093.2)

Тодор Чепреганов
todor.cepreganov@yahoo.com

# БРИТАНСКИ ДОКУМЕНТ ОД 1944 ГОДИНА ЗА СОСТОЈБАТА НА АЛБАНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Кога војната се ближела кон својот крај во британското министерство за надворешни работи експертите почнале да размислуваат и прават планови за повоеното уредување на светот. За таа цел формираниот уште во мај 1941 година, експертите на Министерството за надворешни работи на Велика Британија, под раководство на историчарот Арнолд Тојнби[1] формирале истражувачки оддел при истото министерсто, кое имало за цел да подготви елаборати за секоја држава од сите аспекти, етнички, антрополошки географски, социо-економски и сл. и нивните размислувања за можните идни решенија во тие држави по завршување на војната. Во тој контекст, покрај елаборатите за секоја балканска држава, тие изработиле и елаборат за албанското малцинство во Југославија и размисли за можните решенија.

Документот кој го презентираме се наоѓа во Public Record Office, London: Foreign Office Papers FO 371–Министерство за надворшни работи, општа политичка кореспонденција на Одделението за Југоисточна Европа. Подвлечените делови од текстот и курзивот се задржани и при објавувањето.

Документот е снабден со најнужниот научен апарат за настаните и личностите што се споменуваат во документот, како и објаснувањата кои ни изгледаа неопходни.

[1]Арнолд Џозеф Тојнби (Лондон, 14 – април 1889, Јорк, 22 октомври 1975), англиски историчар, филозоф и социолог.

ДОКУМЕНТОТ Е СОПСТВЕНОСТ НА
ВЛАДАТА НА НЕГОВОТО ВИСОЧЕСТВО

БАЛКАНСКИ ДРЖАВИ 26 август 1944
ДОВЕРЛИВО Секција 3

(16650)
[R 3523, 84, 92 1943]

## АЛБАНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО ЈУГОСЛАВИЈА

(Со карта)

Резиме (summary)

*Распространетост, бројност и карактер* – Албанците го населуваат работ на југословенската територија по текот на границата меѓу Албанија и Југославија од 1941 год. Југоисточно тие се простираат преку рамнините на Метохија и Косово. По на југ тие формираат значителен дел од населението во западна Македонија. Најголемиот дел од овие Албанци се муслимани, а некои се католици. Нивниот број може да се процени на околу 500000 во 1921 год., скоро исто во 1944 год. Економски се заостанати и мал број може да читаат или да пишуваат. Тие се занимаваат со земјоделство и сточарство и бројни занаети и неквалификувана работна сила по градовите (парагаграф 1 – 5).

2. *Историја* – Албанците се најстарото население на западниот Балкан. Од крајот на седумнаесетиот век се повеќе ги заменуваат Србите во областа северно и северозападно од Скопје. Албанците ја поддржуваа султановата власт, а за возврат да добијат виртуелен имунитет од владата. Во 1912 год. нивното востание против Младотурците и нивното барање за албанска автономија преставуваше една од причините за Балканските војни. Како резултат на овие војни една третина од севкупното албанско население беше анектирано од Србија и Црна Гора во 1913 год. По 1918 год. Југославија доби и други албански области (параграф 6 – 9).

3. *Права на малцинствата* (види го истражувачкиот труд за *Малцинствата во Југославија, Општ вовед*).

4. *Третман на малцинствата* – По 1918 год. Србите ги третираа нивните Албанци со екстремно малтретирање и го поттикнувале нивно-

то емигрирање во Турција. Во 1926 год. Албанците биле принудени да се потчинат. Турско-албанската муслиманска политичка партија освои 14 места на изборите во 1923 год., но после тоа беше забранета. Но, југословенската политика не беше насочена кон забрана на муслиманската религија, иако настрадаа муслиманските верски интереси. Но, Југословените воопшто не обезбедија албански улилишта. Една албанска петиција до Лигата на народите во 1930 год. ја обвини Југославија за систематско и брутално кршење на сите нејзини договорни обврски за нејзините Албанци (параграф 10 – 14).

5. *Ставот на матичната земја* – Албанците не беа во позиција да преземат било каква официјална акција. Кралот Зог[2] го потисна иредентизмот како непрактична политика. Проширувањето на италијанско контролирана Албанија го вклучи мнозинството од Албанците од Југославија во 1941 год. и беше популарно во Албанија и големи напори беа направени да се консолидира новата ситуација. Мнозинството од останатие Албанци беа анектирани од Бугарија (параграф 15 – 17).

6. *Можни солуции* – (*а*) Обновување на *status quo ante* 1941 год, евентуално ублажена со локална самоуправа или меѓународна супервизија. (*б*) размена на населението не е можна, бидејќи речиси да нема Срби на албанска страна од границата пред 1941 год. (*в*) Протерување на албанското малцинство. Но каде? (*г*) Гранична ревизија во корист на Албанците. Во однос на ова има тешки приговори; кои, сепак, би можеле да се исполнат, доколку Албанија биде ставена под контрола на политички незаинтересирана сила. (*д*) Вклучување и на двете, Албанија и Југославија, во голема Источно Европска федерација (параграф 18 – 22).

## АЛБАНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО ЈУГОСЛАВИЈА

### *Распространетост, бројност и карактер*

1. Албанците го населуваат планинскиот раб на југословенската територија, целиот пат од Јадранското Море, прави круг до Охридското Езеро и Преспа. Источно...[3] работ се шири и продолжува понатаму во Југославија. Во 1918 год. најголемиот дел од населението во Метохиската

[2] Зог I (Ахмед Мухтар Зоголи), (8 октомври 1895, Бурел, Отоманска империја,– 9 април 1961, Париз, Франција ), лидер на Албанија од 1922 до 1939. На 27 год. станува најмладиот премиер на Албанија од 1922 до 1924 год., претседател од 1925 – 1928 год. и крал од 1928 до 1939 год.

[3] Текстот е нечитлив.

рамнина и мнозинството од Косово беа Албанци. Албанците биле бројни до Врање и во западна Македонија.

2. Општо, Албанците се одделени од соседните Југословени со говорот и религијата. Последните нормално се православни по религија зборуваат српски на север и македонско словенски дијалект на југ. Албанците нормално зборуваат Албански и се муслимани по религија со католичко малцинство. Има и аномалии како личности кои зборуваат српски со албанско потекло; и на север има Срби муслимани. Но обично религијата ги утврдува симпатиите на засегнатите лица; муслиманите и католиците Албанци и Православните се Јужни Словени.

3. Комплексноста на говорот, религијата и народната традиција и примитивните услови на овие Албанци прави тешко да се направи прецизен приказ за нив. Југословенскиот јазичен попис во 1921 год. го дава бројот на Албанците во Југославија како 441740. Таа бројка не твдеше дека е нешто повеќе од приближна; зашто во 1921 год. албанските области биле неадекватно организирани и никогаш претходно не биле предмет на попис. Уште повеќе границата не била дефинтивно решена. Фактот што 97 проценти од овие Албанци биле евидентирани како целосно неписмени мора да придонело за тешкотиите во начинот на точна евиденција.

4. Бројката од 441470 веројатно беше, веројатно, потценета. Муслиманите од Србија и Црна Гора беа дадени како 713913 и Турците (по говор) како 150322. Така да муслиманите кои не зборуваат турски се околу 600000. Не сите од овие последни може да се сметаат како Албанци; околу (може би 100000) од нив во Црна Гора и Санџак по говор се Југословени и чувства. Од друга страна има неколку илјади католици Албанци. Затоа може да се претпостави дека албанското малцинство во 1921 год. брои нешто над 500000 (т. е. скоро половина од населението на Албанија). Една албанска петиција до Лигата на народите во 1930 (види параграф 13) проценува дека албанската емиграција од 1921 год. е околу 10000 во Албанија и 130000 во Турција. Колкав е бројот на овие емигранти по 1921 год. е невозможно да се каже. Како претпоставка, можеби го компензира природниот прираст на малцинството и го остава малку над 500000 во 1941 год. (но Балдачи во неговата *L'Albania* (1930) го проценува малцинството на 700000).

5. Албанските области се меѓу најсиромашните, барем најмалку продуктивни во Југославија, делумно поради планинската природа, делумно поради неекономските традиции и неписменоста на населени-

ето. Аллбанците предимно се занимаваат со земјоделство и овчарство. Тие исто така обезбедуваат неквалификувана работна сила во Скопје и во други градови, возат омнибуси[4] и такси, продаваат пијалоци и слатки, држат ресторани, практикуваат различни занаети, особено сребрени филигарански работи. Рудникот во Трепча беше како господ да го испрати во обезбедувањето вработување за многу Албнаци.

*Историја на малцинството*

6. Албанците генерално се сметаат за потомци на најстарите познати жители на централниот Балкан, туркани на југозапад од страна на Словените во мрачните векови. Кон крајот на седумнаесетиот век имаше егзодус на Србите од „Стара Србија“ во Хабзбуршката монархија. При тоа Албанците се вратија назад преплавувајќи и реокупирајќи ги рамнините на Метохија и Косово кои биле српски илјадници години и беа поврзани со најславната трдиција на српската историја (види *Албанско - Југословенска граница,* параграф 9).

7. Во деветнаесетиот век албанско населениот карактер на територијата северно и западно од Скопје стана уште поизразена. Иако не подложни на Отоманската управа, Албанците беа единствениот балкански народ од кој најголемиот дел го прифатил исламот, и тие ја обезбедуваа Високата Порта со сигурни трупи и многу способни луѓе. Соодветно, многу од нивните племиња не биле ниту оданочени ниту мобилизирани и биле третирани како омилени деца на султанот и покрај нивната опозиција на нивните периодични напори во административните реформи. На рускиот предлог, во 1878 год., да се прошири Србија во Санџак се одговори со формирање на Албанската лига[5] чија цел беше одржување на султановата номинална власт и одбрана на албанскиот начин на живот. Младотурската револуција од 1908 год. со нивната политика на турцификација го загрози традиционалните привилегии на Албанците и нивниот почетен национализам. Во 1909 год. Албанците од Косово, Метохија и планините се кренаа на востание против големите оптоварувања со даноци, разоружување, мобилизација и попис. Востанието беше угушено од турската армија. Но, востанието избувна повтор-

[4] Голема затворена патничка кола со коњска запрега.

[5] Позната како Призренска лига. Формирана е на 11 јуни 1878 година во Призрен, Косовски вилает во Османската Империја. Се залага за: одбрана на земјите населени со Албанци од интересите на Србија, Црна Гора и Грција; формирање единствена провинција во Империјата која би се состоела од вилаетите Косово, Монастир, Јанина и Скадар; формирање воена служба на територијата на Албанија, отворање училишта за развој на националното образование; контрола на финансиите.

но во 1911 год. кога востаниците додадоа некои позитивни барања за патишта и школи. Во август 1912 год. орда албански племенски припадници го заседоа Скопје[6] и изнудија ветување за албанска автономија. Анархијата во Стара Србија и Македонија, тоа лето, била една од причините за напад на Балканската лига на Турција.[7] Така, во годините непосредно по Балканските војни Албанците од север беа испровоцирани со мешање во нивниот традиционален начин на живот, во некаква свест за единство и желба за некаква корист од цивилизирана влада, под услов дека таква влада во најголем дел ќе биде под нивна контрола и не се употребува за нивна експлоатација.

8. Албанците добија непријатно освестување. Есента 1912 год. Србите го окупираа Скопје, Косово и Метохија и териториите позади границата на историските претензии споменати во параграф 6. Дека тие се обидоа да ја анектираат цела северна Македонија не беше само поради општите апетити за освојување, но исто така нивната желба да добијат излез на море. Кога тоа им беше забрането да го реализираат од европските сили Србите се откажаа од што е можно помала територија населена со Албанци, бидејќи сигурно ќе имаат проблеми со Албанците од двете страни на границата и беа решени да ги имаат сите стратешки предности. Во некои делови од северна Албанија тие само се повлекоа по палењето на селата и масакрирајќи го населението.

9. По војната од 1914 – 18 год. Србија стана Југославија и имаше широк морски брег. Но воените аргументи за задржување на најдобрата стратегиска граница во Албанија сега беше засилено со југословенскиот страв гледајќи како Албанија паѓа под италијанска контрола. Југословенската влада соодветно инсистираше на задржување на големи области со чисто албанско население, вклучувајќи некои племиња со најмалку податлив карактер.

### *Права на малцинствата*

[Ова е наведено во трудот на одделот за истражување на малцинствата во Југославија, општ вовед]

---

[6] Во тој период Скопје е центар на Косовскиот вилает (од 1888 год. познат како Скопски и седиштето од Приштина било пренесено во Скопје). Албанците од Косово доаѓаат во Скопје за да поднесат барања за реформи. Се сместуваат по домовите на населението и нема никаков воен судир со Османлиите. По дадените ветувања се враќаат на Косово.

[7] Се однесува на почетокот на Балканските војни.

***Третманот на малцинството***

10. По 1918 год. Албанците во Југославија беа потчинет народ и исламот сега значеше знак на инфериорност. Албанските земјопоседници беа уништени со аграрната реформа. Некои од нив емигрираа во Турција и неколку во Албанија, други станаа разбојници: и во двата случаи им се приклучиле многу нивни сограѓани Албанци. Југословенската влада значително го засили српскиот елемент во рамнините на Косово со колонисти од север и во рамнините на Метохија со Црногорци. До 1925 год. околу 3400 фамилии (да речеме околу 18000 лица) беа населени на имоти во Косово: но албанските банди и отсуството на доволно маркетиншки капацитети предизвика многумина колонисти во Метохија да ја напуштат областа.

11. Југословенската влада жестоко се справи со албанските немири. Многу голем број жандарми биле донесени во албанските области, потпомогнати во одредени прилики од регуларната армија, вклучувајќи и артилерија. Во еден албански меморандум од 29 април 1921 год. се тврдеше дека 2000 Албанци биле масакрирани во Косово за време на претходните три месеци. До 1926 год. Албанците, со исклучок на оние во високите планини на границата, очигледно биле заплашени да се потчинат. Исто така, тие престанале да емигрираат; делумно доброволно, бидејќи не им се допаднала атмосферата на неверната Турција и прекумерната сиромаштија на Албанија, делумно поради турското колебање да не примаат повеќе албански емигранти.

12. Во 1923 год. на муслиманите од Македонија и Стара Србија им беше дозволено да формираат партија, Џемиет, која освоила 14 места на изборите таа година. Но, во 1925 год. партискиот албански лидер Ферид Беј Драга[8], беше во затвор; муслиманските гласачи беа заплашени и исклучени од изборите; и партијата различно наведува дека освоила едно место или ниту едно. Под диктатурата од 1929 год.[9] и уставот од 1931[10] год.

[8] Ферхат Беј Драга (Косовска Митровица, Отоманска Империја 1880 – Кралан, Ѓаковица, Косово, 2 декември 1944). Политичар. Во јануари 1925 година лидерите на партијата Џемиет имаат конфликт со Народната Радикална партија на Пашиќ. При тоа неколку албански лидери биле затворени, а меѓу нив е и Драга.

[9] Период на апсолутистичко владеење на кралот Александар I Караѓорѓевиќ во Кралството Југославија кој траел од 6 јануари 1929 до 3 септември 1931 година. За време на диктатурата била забранета работата на сите политички партии и синдикати, политички собири и вовел цензура. Името на државата било променето на 3 октомври 1929 година во Кралство Југославија.

[10] На 3 септември 1931 година бил донесен Октроираниот Устав со што диктатурата била укината.

која било конретна албанска или муслиманска партија, секако, биле прогласени за илегални.

13. Во однос на религијата југословенската влада не беше без симпатии во нејзиниот третман на исламот, која вера мнозинството Албанци ја споделуваа со југословенските муслимани во Босна; иако некои побожни муслимани страдаа поради забрана. Законот од 1930 год. ги регулира односите на мухамеданската заедница со државата и се чини дека ги имплементира одредбите од член 10 од Југословенскиот малцински договор. Но, од друга страна Албанците се чини дека не ги уживаат правата дадени на нив со тој договор. Се до 1931 год. десет петиции беа испратени до Лигата на народите во кои се жалеа за третманот на Албанците. Во една од нив во 1929 год. беше поднесено барање за албански школи. Југословенската влада одговори со меморандум тврдејќи дека има 264 школи кои ги посетуваат Албанци, но беа воздржани од споменување на јазикот во наставата во овие школи. Се верува дека југословенската влада нема обезбедено основни училишта во кои наставата се изведува на албански. Понатаму, при крајот на 1930 год., кога југословенската власт цврсто се воспостави, тројца католички свештеници од албанските епархии поднесоа до Лигата на народите внимателно документирана петиција во која наводно се тврдеше дека Југославија ги има прекршено сите договорени обврски кон нејзиното албанско малцинство, дека животите, личната слобода и сопственост на Албанците се многу несигурни, дека нема албански училшта и дека ниту еден Албанец не е назначен на ниту една официјална позиција од најмала важност.([2])[11]

14. Подобрувањето на полижбата на Албанците беше предизвикано од зголеменото вработување поради развојот на јавните работи од страна на југословенската влада, особено во Скопје и Тетово и железничката пруга за Охрид и Пеќ. Навистина, албанското население од македонската страна на Шар планина кое се населило се чини дека е прилично задоволно под југословенска власт.

### *Ставот на матичната држава*

15. Последователно независните албански влади беа премногу зафатени со одржување на нивната власт во Албанија и несигурната независност на државата за да се грижат отворено за состојбата на Албанците во Југославија. Еден не официјален „Косовски комитет“ апели-

[11] Наводот е во оригиналниот документ.

раше до Лигата на нациите за истражување во Југославија за третманот на нивните Албанци. Ахмед Зог по преземањето на власта во декември 1924 год. брутално го забрани „Косовскиот комитет“ во Албанија; и под негова власт албанскиот иредентизам официјално не беше споменат. Сепак како што беше забележано со незадоволство во Југославија, во 1928 год., Зог ја зеде титулата крал не „на Албанија“ туку „на Албанците“: и се известува дека во својот говор во декември 1933 год. нагласил дека неговата титула подразбира стремеж за обединување на сите територии населени со Албанци.

16. Во 1941 год. со разоружувањето на Југославија, мнозинството од нејзиното албанско население беше вклучено во италијанско – контролираната Албанија (*види Албанско-Југословенската граница,* параграф 5). На тој начин областите анектирано кон Албанија беа во најголем дел главно населени со Албанци, иако може да се изрази сомневање дали Косовската рамнина и областите, источно од неа, може да се опишат така. Некои Албанци од западна Македонија паднаа под бугарска власт. Неколку кои живееја на север од линијата Митровица – Врање останаа во рамките (на германско контролирана) Србија.

17. Постои малку сомневање дека проширувањето на Албанија, со вклучување на мнозинството Албанци од Југославија во 1941 год., беше многу популарно во Албанија. Во декември 1941 год. Италијанците го инсталираа како премиер Мустафа Круја, почитуван поранешен член на Косовскиот комитет кој бил во егзил од 1924 до 1939 год. Под негова власт и со помош на италијанската пропаганда Албанците, кои биле принудени да го отстапат својот имот во Југославија, им биле вратени и се вложија сите напори за консолидација на ново добиените области во рамките на албанската држава .

### *Можни решенија*

18. Решенија (други од оние опишани во параграф 16) би можеле да бидат: (а) *Обновување на status quo ante од 1941год.*[12] Ова ќе ја поддржи законитоста со враќање на ситуацијата изменета со агресијата. Тоа би ги оставило околу половина милион Албанци во Југославија во незавидна состојба (види параграф 10 – 13 горе). Интензивната националистичка пропаганда од Италијанците и Албанците од 1941 год., можеби ги прави овие Албанци политички посвесни и последователно потешко од по-

[12] Италикот е во оригиналниот документ.

рано да ги асмилира Југославија. Од друга страна, Албанците од Југославија може, со повторно прифаќање на југословенската политика на цврста рака, целосно да ја прифатат југословенската националност; колку побрзо тие олеснувања се придружени со висок стандарт на правда и ефикасност во администрацијата, отколку во минатото, и дали им е обезбедено вработување и сигурност, и покрај нискиот стандард на живеење. Сепак, дали имаше желба да се заштити малцинската националност, би било можно да се примени еден од методите досега предложени, т. е. италијанскиот предлог (1919) за локална автономија на метохиската рамнина и долината на горниот тек на Црн Дрим; или онаа на тројцата католички свештеници (1930) (види параграф 13, горе) дека постојана меѓународна комисија на лице место ќе ја контролира операцијата на функционирањето на обврските на Југославија во однос на нејзиното албанско малцинство. Двата од овие предлози би биле навлегување во југословенскиот суверенитет, во нејзините внатрешни работи; иако тие би можеле да бидат поприфатливи за Југославија, доколку другите држави прифатат слични ограничувања на суверенитетот.

19. (*б*) *Размена на населението.* – Тоа е невозможно на приближно еднакви услови бидејќи Словените во Албанија се малку, а од нив, веројатно е дека мал број се сметаат себе си за Срби.

20. (*в*) *Протерување од Југославија на ова албанско малцинство.* – Таквиот предлог може да покаже дека ова малцинство не би било прифатливо на друго место. Албанија не може да ги прими; ниту, се верува, дека тие имаат било каква желба да емигрираат во услови на голема сиромаштија во Албанија. Ниту Соединетите Држави, земја на нивните соништа, ниту било која друга држава, е спремна да ги прими нив. Југославија не би можела лесно да ги замени како земјоделци, се додека главниот град не обезбеди капитал во значителен обем и стручен надзор за шемата на колонизација.

21. (г) *Промена на границата* – Југословенско–Албанската граница може да се промени на линии кои се разликуваат од оние на равизијата од 1941 год. (*види Албанско-Југословенска ганица, параграф* 23). Така етнички мешаните области источно од Шар планина (во кои влегуваат Гостивар, Тетово, Кичево и железничката пруга што ги поврзува со Скопје и Охрид) кои географски се дел од Македонија може да се вратат на Југославија. Така може и областа на Косово, која географски формира коридор од Скопје до Митровица и западна Србија. Така може и областа на Гусиње и Плав, и покрај албанските симпатии на нивните жители,

бидејќи нејзината единствена врска е северно во Црна Гора. Од друга страна може да се прифати анектирање кон Албанија на горната долина на Црн Дрим, рамнината на Метохија и мала област од брегот на Улцин. Во последните три случаи засегнатата популација е предимно албанска и затворена со планини за лесен пристап до остатокот на Југославија. Против таквиот предлог може да биде убедувањето дека таквата ревизија ќе повлече предавање на територија од Југославија без компензација и дека Албанците, кои на тој начин заминаа за Албанија се наоѓаат економски во уште полоша положба отколку што беа во Југославија (освен ако не се случи некоја голема шема за развој на Србија под странска управа). Во врска со отстапувањето на Метохиската рамнина на Албанија треба да се додаде дека тоа ќе ја лиши Југославија за можноста за подобрување на патните врски од Косово преку Пеќ до Црна Гора и до морето; дека југословенската стратегиска граница би била полоша; а, пред се, дека сентименталната приврзаност на Србите кон оваа област за историската меморија би била навреда.

22. (д) *Вклучување на Југославија и Албанија во иста федерација.* -

Тоа би можело да постигне таква хармонизација на југословенските и албанските интереси и чувства што ќе ја подобри судбината на Албанците од Југославија и ќе ја лиши границата од нејзиниот спорен карактер. Против таквите надежи, може да биде традицијата на Балканот на меѓурасна омраза и недоверба, како што се, и ќе обезбеди кавга во рамките на една чисто балканска федерација. Меѓутоа, доколку би била практична политиката да формира единствена, сеопфатна источноевропска федерација, вклучувајќи ги и поразвиените нации, што се на север од Балканскиот полуостров, кои не би имале интерес да ја видат Абанија како жртва, можно е Југословените да го добијат се она што сакаа на патот за сигурност на албанската граница и пристапот до Јадранското море преку Албанија, додека Албанците би можеле да добијат национална културна автономија во рамките на федерацијата и економски придобивки од членството во голема политичка и економска единица.

*Истражувачки оддел,*

*Министерство за надворешни работи,*

*31 јули 1944 год.*

PRO FO 371/37601 R 3520/84/92